Република Македонија
Влада на Република Македонија

[redacted]

МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009 SGS

ДО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА

С К О П Ј Е

Влада на Република Македонија
Генерален секретаријат

Бр. 44-2872/1
31.7.2017 год.

Бул. Илинден бр.2,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3118 022
Сајт: www.vlada.mk

Во прилог ви се доставува за извршување Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, донесено од Владата на Република Македонија под бр. 44-2872/1 од 31.7.2017 година.

ПРИЛОГ: 1

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА
ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА

д-р Драги Рашковски

ДОСТАВЕНО И ДО:
-Генералниот секретаријат на Владата (ИТ сектор)

Подготвил: Љупчо Петковски
Контролирал: Љубица Р. Димовска
Согласен: Дејан Јакимовски
Одобрил: Митра Спасовска

Врз основа на член 27-б став 6 од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 31.7.2017 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за утврдување на категорија на угостителски објект**

1. Со ова решение се утврдува дека угостителскиот објект **ХОТЕЛ КАПРИ** со седиште на ул.11-та Македонска Дивизија бр.1, ги исполнува условите за Хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди (супериор), со период на важност од три години сметано од денот на влегувањето во сила на ова решение.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

3. Ова решение заедно со Извештајот за извршена категоризација на угостителскиот објект се објавуваат на веб страната на Владата на Република Македонија.

**Образложение**

ДОО ЈУВЕНАЛИ ТРЕЈД-Битола со седиште на ул.11-та Македонска Дивизија бр.1 поднесе барање бр. УП I 13-84 од 13.02.2017 година за утврдување на потребните услови на угостителскиот објект ХОТЕЛ КАПРИ со седиште ул.11-та Македонска Дивизија бр.1, за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди (супериор)
Комисијата за категоризација на угостителски објекти, постапувајќи по барањето изврши увид на предметниот објект при што со Извештај бр. УП I 13-84 од 21.03.2017 година констатира дека истиот ги исполнува условите за хотел од трета категорија со три ѕвезди (супериор) пропишани со Правилникот за услови за категоризација на објектите за вршење на угостителска дејност - Прилог 1 („Службен весник на Република Македонија" бр. 41/13).
Врз основа на член 27-б од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16), Владата на Република Македонија, на предлог на Комисијата за категоризација на угостителски објекти донесува Решение за утврдување на категорија на угостителски објект.
Согласно член 27-б од Законот за угостителската дејност, решението за утврдување на категорија на угостителскиот објект се издава со важност од три години.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Бр. 44- 2872/1**
**31 јули 2017 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**